# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

**1314.**
Врз основа на член 24 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), министерот за транспорт донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25 и 30/26), во член 47 во ставот (3) во точката 19 сврзникот „и“ на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додава нова точка 20, која гласи:

„20. супермаркети, хипермаркети и други големи маркети на градежни парцели со површина над 3000 м², кои ќе се планираат како поединечна и единствена намена, без присуство на други компатибилни намени и тоа на парцели вон населени места и на парцели во населени места каде што во наменската зона на планот е предвидена група на класа на намена Б како основна намена, компатибилна намена или мешана намена и“

Точката 20 станува точка 21.

Член 2

Во членот 197 во ставот (2) по зборовите „спроведување со“ се додаваат зборовите „детални урбанистички планови и“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-3437/1
22 април 2026 година
Скопје

Министер
за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**1315.**
Врз основа на членот 20-а став (11) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25, 160/25, 258/25 и 58/26) министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ЗАСТАПНИК ИЛИ ПРЕТСТАВНИК НА НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА, ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ЗАСТАПНИК ИЛИ ПРЕТСТАВНИК НА НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА И РЕГИСТАРОТ НА ОВЛАСТЕНИ ЗАСТАПНИЦИ ИЛИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на овластување за застапник или претставник на независна институција, овластувањето на правното лице за застапник или претставник на независна институција и Регистарот на овластени застапници или претставници на независна институција.

Член 2

(1) Барањето за добивање на овластување за застапник или претставник на независна институција се поднесува во писмена или електронска форма.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја до архивата на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Министерството) или во електронска форма заедно со потребната документација.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Овластувањето на правното лице за застапник или претставник на независната институција се издава на образец во А4 формат, на тврда хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на овластувањето од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог бр. 2 и Прилог бр. 3, кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Регистарот на овластени застапници или претставници на независната институција се води во електронска форма.

(2) Формата и содржината на Регистарот од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог бр. 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-7731/1
22 април 2026 година
Скопје

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини
**Сања Божиновска,** с.р.

**ПРИЛОГ бр. 1**

**До: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

| **Б А Р А Њ Е<br>ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ЗАСТАПНИК ИЛИ ПРЕТСТАВНИК НА НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА** | |
|---|---|
| **Назив на правното лице подносител на барањето** | |
| **Седиште на правното лице** | |
| **Адреса на правното лице** | |
| **Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС)** | |
| **Единствен даночен број на субјектот (ЕДБС)** | |
| **Лице за контакт** | |
| **Телефон за контакт** | |
| **Електронска адреса** | |
| **Потребна документација кон барањето** | |
| ☐ Потврда за тековна состојба на правното лице од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија | |
| ☐ Доказ дека против правното лице не е отворена постапка на стечај или ликвидација | |
| ☐ Доказ дека на правното лице не му е изречена мерка забрана за вршење дејност или професија | |
| ☐ Склучен договор за издавање или доставување на потврда за исполнување на технички барања на правното лице со независна институција | |
| ☐ Доказ за платена административна такса во износ од 250 денари согласно Законот за административните такси | |

Скопје, м.п. Подносител на барањето

__.__.____ година ______________________

**ПРИЛОГ бр. 2**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 20-а ставови (3) и (4) од Законот за возила, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини издава

**О В Л А С Т У В А Њ Е**
**НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ЗАСТАПНИК НА НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА**

______________________________ со седиште на _______________________________
(назив на правното лице)
врз основа на Решението за овластување бр. __________ донесено од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини на ____.___._____ година, се овластува за застапник на независната институција_____________________________________ со седиште на ______________________________________________.

Правното лице, носител на ова овластување ______________________________ може да издава или доставува потврда за исполнување на техничките барања, односно техничките карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови во постапката за единечно одобрување на возило во име на независната институција ______________________________.

Ова овластување се издава за период од три години од денот на неговото издавање.

Бр.__________
____.___._____година
Скопје

**Министер за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**

**ПРИЛОГ бр.3**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 20-а ставови (3) и (4) од Законот за возила, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини издава

**О В Л А С Т У В А Њ Е**
**НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ПРЕТСТАВНИК НА НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА**

_______________________________ со седиште на ________________________________
(назив на правното лице)
врз основа на Решението за овластување бр. __________ донесено од министерот за енергетика, рударство и минерални суровини на ____.___._____ година, се овластува за претставник на независната институција_______________________________________ со седиште на ________________________________________________.

Правното лице, носител на ова овластување _______________________________ може да издава или доставува потврда за исполнување на техничките барања, односно техничките карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови во постапката за единечно одобрување на возило во име на независната институција _______________________________.

Ова овластување се издава за период од три години од денот на неговото издавање.

Бр.__________
____.___._____година
Скопје

**Министер за енергетика,**
**рударство и минерални суровини**

**ПРИЛОГ бр.4**

**РЕГИСТАР НА ОВЛАСТЕНИ ЗАСТАПНИЦИ ИЛИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА НЕЗАВИСНИ ИНСТИТУЦИИ**

| Ред. бр. | Назив на правно лице | Седиште | Број на решението | Датум на решението | Број на овластувањето | Датум на издавање на овластувањето | Датум на важност на овластувањето | Овластено лице | Контакт | Е-пошта | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |